РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
I.P. QENDRA PËR PUNË SOCIALE

Бр./Nr. 04-80/11
20.06.2025 год./vjit
Крушево / Krushevë

Врз основа на член 212 став 16 и 17 од Законот за социјална заштита (Сл. весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19,302/20,163/21,294/21 и 99/22) член 21 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14 и 27/16) и член 23 алинеа 9 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево бр.01-142/2 од 21.06.2019 година, овластеното лице во ЈУ Центар за социјална работа-Крушево донесе

**О Д Л У К А**

**За избор на давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Психолог при ЈУ ЦСР-Крушево**

За давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Психолог- стручен службеник од петто ниво во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Евгенија Петроска Шекреска** од Крушево.

Именуваниот ќе биде вработен како Психолог- стручен службеник од петто ниво во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево по конечноста на оваа одлука.

Одлуката ќе се применува од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга, формирана со Решение донесено од овластеното лице на ЈУ ЦСР-Крушево 04-80/6 од 13.06.2025 година, а во функција на спроведување на постапка за вработување на неопределено време за работна позиција Психолог- стручен службеник од петто ниво во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево, а по објавениот оглас за вработување на неопределено време бр.04-80/4 од 04.06.2025 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија„ и „Коха„ спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита и Законот за вработените во јавниот сектор. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју Комисијата за селекција на кандидатите за давател на јавна услуга изготви и до директорот на ЈУ ЦСР-Крушево достави извештај со ранг -листа 04-80/10 од 19.06.2025 год во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на одлуката за избор на Психолог- стручен службеник од петто ниво во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево, овластеното лице од директорот на ЈУ ЦСР-Крушево ќе донесе соодветно решение за Психолог- стручен службеник од петто ниво во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државната комисија за жалби во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката и нејзиното објавување на огласна табла на установата.

По овластување на
ВД Директор
бр. 04-60/2 од 05.05.2025 година
Љупче Ѓоргиеска